**20121243067**

**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

Врз основа на член 75 став (2) и (4), член 80, член 95 став (5) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 29/02, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07, 88/08, 48/09, 50/10, 171/10, 36/11 и 98/12) и член 107 став (2) и (4), член 114 став (6) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 7/08, 124/10 и 17/11) Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата одржана на 28.9.2012 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА МАРКЕТИНГ НА ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

Член 1

По член 7 се додава нов член 7-а кој гласи:

„Член 7-а

Материјалите за маркетинг пензиското друштво до Агенцијата може да ги достави по пошта, преку доставувач или по електронски пат. Известувањето за објавениот материјал за маркетинг, по електронски пат, треба да биде потпишано со електронски потпис.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-1155/4<br>
28 септември 2012 година<br>
Скопје

Потпретседател<br>
на Управниот одбор,<br>
**Хаки Фазлиу,** с.р.